# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ
## Ca-C 1000 Calvive® / Ца-Ц 1000 Калвиве
Шумливи таблети
Калциум лактат глуконат + калциум карбонат + витамин Ц

**Внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи информации кои се важни за Вас.**
Овој лек може да се издаде и без лекарски рецепт. Меѓутоа, неопходно е внимателно да се употребува лекот, за да се постигнат најдобри резултати.

- Чувајте го упатството. Може ќе биде потребно повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот фармацевт.
- Доколку Вашите симптоми не се подобрат за 2 недели, треба да се обратите кај својот лекар.
- Доколку некое несакано дејство стане сериозно или забележите некое несакано дејство кое не е набројано во ова упатство, Ве молиме да се обратите кај својот лекар или фармацевт.

**Во ова упатство ќе прочитате:**
1. Што претставува Ca-C 1000 Calvive® и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да почнете со употреба на Ca-C 1000 Calvive®
3. Како се употребува лекот Ca-C 1000 Calvive®
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот Ca-C 1000 Calvive®
6. Останати информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА Ca-C 1000 Calvive® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Ca-C 1000 Calvive® шумливи таблети содржат три активни супстанции од кои две се соли на калциум (калциум лактат глуконат и калциум карбонат), а третата е аскорбинска киселина (витамин Ц).
Калциумот е есенцијален минерал, неопходен за формирање и одржување на коските. Калциумот исто така игра важна улога во повеќе телесни функции. Неопходен е за нервите, мускулите и срцевата функција, а учествува и во процесот на коагулација на крвта. Дополнително, го регулира функционирањето на многу хормони. За одржување на сите функции, калциумот треба да биде присутен во соодветните ткива во одредена концентрација.
Витамин Ц игра важна улога во биохемиските процеси. Неопходен е за формирање на колаген (се наоѓа во коските, р'скавицата, кожа и другите ткива) и обнова на ткивата.
Високите дози витамин Ц се сметаа за ефикасни во спречувањето и лекувањето на инфекциите на горните дишни патишта.

Ca-C 1000 Calvive® шумливите таблети се користат при недостаток на калциум и аскорбинска киселина, кои можат да бидат резултат на слаба нутриција или зголемена потреба за калциум и витамин Ц:
- за време на бременост и доење:

- во период на брз раст (детство, адолесценција)
- кај стари лица
- за време на инфективни заболувања
- за време на рековалесценција.

Ca-C 1000 Calvive® шумливи таблети обезбедуваат витамин Ц и калциум во доволни количини за да ги покриваат дневните количини во време на зголемена потреба.
Ca-C 1000 Calvive® исто така може да се употребува како додаток во превенција и третман на настинка и грип.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ПОЧНЕТЕ СО УПОТРЕБА НА Ca-C 1000 Calvive®

**Ca-C 1000 Calvive® не смее да го употребувате:**

- ако сте алергични (хиперсензитивни) на активните супстанции или на било која од помошните состојки на лекот (сите состојки се наведени во Дел 6.)
- ако имате хиперкалцемија (зголемено ниво на калциум во крвта)
- ако имате хиперкалциурија (зголемено ниво на калциум во урината)
- ако имате проблеми со бубрезите вклучувајќи и калкули во бубрег (невфролитијазис) и депозити од калциум во бубрежното ткиво (нефрокалциноза).

**Бидете особени внимателни при употреба на Ca-C 1000 Calvive®:**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред употреба на Ca-C 1000 Calvive® доколку Вие или Вашето дете:

- ако имате зголемени ниво на калциум во урината (хиперкалцурија) со благо до умерено пореметување на бубрежната функција или ако некогаш во урината сте излачиле бубрежен калкул.

Во тие случаи се препорачува да пиете што повеќе течности. Ако е потребно, лекарот ќе ја намали дозата или ќе го прекине лекувањето.

- ако имате високо ниво оксална киселина во урината
- ако имате оштетена бубрежна функција, употребувајте Ca-C 1000 Calvive® само откога ќе се посоветувате со Вашиот лекар или фармацевт, особено ако употребувате и препарати кои содржат алуминиум. Во случај на затајување на бубрезите, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт пред да почнете да употребувате витамин C.
- ако имате дијабетес мелитус и ако сте на диета под која се подразбира намален внес на натриум

Треба да се избегнуваат високи дози витамин Д и негови деривати во тек на терапија со лекот Ca-C 1000 Calvive® освен ако Вашиот лекар така Ви препорачал.

**Земање на други лекови**

Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт за сите лекови кои ги земате или пред кратко време сте ги земале, вклучувајќи ги и оние без рецепт.

- Тијазидни диуретици (лекови за стимулирање на излачувањето на урината, се користат за лекување на висок крвен притисок или состојби кај кои организмот задржува премногу течности, на пр. при затајување на срцето)
- Системските кортикостероиди (анти воспалителни лекови)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

- Срцеви гликозиди (лекови кои содржат гликозиди, се користат при затајување на срцето).
- Препарати кои содржат тетрациклини (антибиотици) треба да се земаат најмалку два часа пред или четири до шест часа после примена на Ca-C 1000 Calvive®.
- Орални бисфосфонати (се користат при проблеми со коските) или натриум флуорид. Потребно е оралните бисфосфонати да се земаат најмалку три часа пред земањето на Ca-C 1000 Calvive®.
- Истовремена терапија со витамин Д и неговите деривати ја зголемува апсорпцијата на калциум.
- Антациди на база на алуминиум (се користат за неутрализација на желудечната киселина).
- Дефероксамин (се користи за отстранување на вишокот железо од организмот)

Пред истовремената употреба на други витамински, витаминско-минерални и/или минерални препарати посоветувајте се со лекар или фармацевт.
Не земајте повеќе од 1g витамин Ц бидејќи тоа може да предизвика погрешни резултати при тестирање на крвта и урината (на пр. тест за одредување на глукоза).

**Употреба на Ca-C 1000 Calvive® со храна и со напиток**
Апсорпцијата на калциум може да биде намалена поради консумирање на одредена храна како што спанаќ, рабарбара и интегрални жита. Не земајте калциумови додатоци 2 часа пред внесување на наведената храна.

**Бременост и доење**
Секогаш консултирајте се со својот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.
Ca-C 1000 Calvive® може да се употребува за време на бременост и доење во случај на недостаток на калциум. Вкупниот дневен внес на калциум во последните три месеци од бременоста не би требало да биде над 1500 mg.
Веднаш контактирајте го својот лекар во случај на предозираност со калциум во тек на бременоста бидејќи може да има штетни влијанија на развојот на фетусот.
Не употребувајте повеќе од препорачаната доза во тек на бременост бидејќи изложувањето на високи дози витамин Ц во пренаталниот период може кај новороденчето или доенчето да предизвика симптоми на дефицит.

Калциум и витамин Ц се излачуваат во мајчиното млеко, но немаат штетен ефект врз доенчето.

**Возење и управување со машини**
Ca-C 1000 Calvive® не влијае врз способноста за возење или управување со машини.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на Ca-C 1000 Calvive®:**
- Ca-C 1000 Calvive® содржи: Сахароза; ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек, контактирајте го лекарот.
- Натриум; ако сте на диета која продразбира намален внес на натриум, треба да земете во предвид дека една шумлива таблета од лекот Ca-C 1000 Calvive®содржи 0,28 g натриум.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Информации за дијабетичари**
Една Ca-C 1000 Calvive® шумлива таблета содржи 2 g шеќер.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ Ca-C 1000 Calvive®

Лекот Ca-C 1000 Calvive® секогаш употребувајте го на начинот на кој е опишан во ова упатство или како што Ве советувал Вашиот лекар или фармацевт. Ако не сте сосема сигурни, проверете со својот лекар или фармацевт.

Возрасни и деца на возраст од 7 години и постари: 1 шумлива таблета дневно.
Деца од 3 до 7 години: 1/2 шумлива таблета дневно.
Деца помали од 3 години: само по препорака на лекар.

Шумливата таблета се раствора во чаша со вода (околу 200ml) и треба веднаш да се испие.
Ca-C 1000 Calvive® може да се зема со или без храна.
Доколку имате некои прашања во врска со употребата на лекот, обратете се кај својот лекар или фармацевт.

**Ако сте земале поголема доза Ca-C 1000 Calvive® отколку што е потребно**
Предозирањето доведува до високо ниво на калциум во урината (хиперкалциурија) и високо ниво на калциум во крвта (хиперкалциемија). Симптоми на високо ниво на калциум во крвта можат да вклучат: гадење, повраќање, жед, полидипсија, полиурија, дехидратација и опстипација. Долготрајно предозирање со зголемено ниво на калциум може да предизвика таложење на калциум во телото. Високите дози на витамин Ц може да предизвикаат дијареа или пореметување на крвта, како што е хемодијализа (пукање на црвените крвни клетки)
Контактирајте го Вашиот лекар веднаш во случај да сте земале преголема доза на Ca-C 1000 Calvive®.

**Доколку сте заборавиле да земете Ca-C 1000 Calvive®**
Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надополните пропуштената.
Во случај да имате било какви прашања и нејаснотии за употребата на овој лек посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, Ca-C 1000 Calvive® може да предизвика несакани дејства, иако не се јавуваат кај сите пациенти.
ПРЕСТАНЕТЕ да земате Ca-C 1000 Calvive® и веднаш побарајте медицинска помош ако Вие или Вашето дете имате еден од следните симптоми, кои може да бидат знак на алергиска реакција:

- отежнато дишење и голтање
- отекување на лице, усни, јазик или грло
- јако чешање на кожата со црвен осип или испакнатини

Овие несакани дества се ретки или многу ретки (*се појавуваат кај 1 до 10 од 10 000 болни).*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

**Некои несакани дејства се невообичаени** (*може да се појават кај 1 до 10 од 1000 болни*)

- високо ниво на калциум во крвта (хиперкалцемија)
- високо ниво на калциум во урината (хиперкалциурија)

**Некои несакани дејства се ретки** (*се појавуваат кај 1 до 10 од 10 000 болни*)

- осет за подуеност на стомакот и гасови (флатуленција), опстипација, пролив, гадење, повраќање, болка во стомакот, осип, чешање, уртикарија

**Други можни несакани дејства** чија што фрекфенција неможе да се процени врз основа на расположливите податоци:

- создавање на калкули во бубрезите или мочниот меур (во тек на долготрајната примена на високи дози калциум и витамин Ц)

**Пријавување на сомневање на несакано дејство**
Во случај на било какви несакани дејства после примената на лекот, потребно е да го известите Вашиот лекар или фармацевт.
Под ова се подразбираат сите можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство за лекот, како и оние кои се наведени.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЛЕКОТ Ca-C 1000 Calvive®

**Чување**

**Да се чува подалеку од видот и дофатот на децата!**
Да се чува на температура до 25°C во оригинално пакување.
После употреба контејнерот да се чува добро затворен за заштита од влага.

**Рок на употреба**
Назначен е на пакувањето.
Да не се употребува после истекот на рокот на употреба!
Датумот на употреба се однесува на последниот ден од месецот.

Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Ca-C 1000 Calvive®?**
Активни супстанции се: калциум лактат-глуконат, калциум карбонат и аскорбинска киселина (витамин Ц).
Една шумлива таблета Ca-C 1000 Calvive® содржи 1000mg калциум лактат-глуконат и 327mg калциум карбонат (еквивалентно на 260mg јонизиран калциум) и 1000mg аскорбинска киселина (витамин Ц).

**Помошни супстанции:** сахароза, натриум хидроген карбонат, лимонска киселина безводна, макрогол 4000, сахарин натриум, бета - каротен, арома на горчлив портокал (“amer francais polvaromas“) и арома на лимон (“цитрон“)(пченкарен малтодекстрин, α-токоферол (E307) и природни состојки за арома).

**Како изгледа Ca-C 1000 Calvive® и содржина на пакување**
Шумливи таблети.
Бело-жолтеникави, со портокалово до кафеави точки, округли, рамни таблети со засечен раб.
Ca-C 1000 Calvive® е достапен во кутија со 10 шумливи таблети во полипропиленски контејнер со полиетиленски затворач, кој содржи средство за сушење.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се издава без лекарски рецепт (Бр).

**Производител**
FAMAR FRANCE
1, Avenue du Champ de Mars, F-45072 Orléans Cedex 02, Франција,
/
FAMAR ORLEANS
5, Avenue de Concyr, F-45071 Orléans La Source Cedex 02, Франција.

**Носител на одобрението за промет**
ГЛАКСОСМИТКЛАЈН ЕКСПОРТ ЛИМИТЕД Лондон Велика Британија - Претставништво Скопје, Антон Попов 1 / 4 – мезанин Скопје, Кисела Вода.

**Број и датум на одобрението за промет**
15-4124/12 од 10.09.2012

**Датум на последната корекција на упатството**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •